Врз основа на член 344 став 1 и 5, 365 став 1 и 6, 367 став 2 и 383 став1 точка 3 од Законот за трговски друштва како и член 64 став 1 точка 3, 84 став 2, член 85 став 1, 5 и 10, од Статутот-Пречистен текст на " Жито Полог " АД – Тетово, Собранието на акционери на "Жито Полог " АД – Тетово на седницата одржана на ден 07.09.2020 година ја донесе следната

Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-2981/3
07.09.2020 год.
ТЕТОВО

# ОДЛУКА

## за избор на член на Одбор на директори
## на Жито Полог АД – Тетово

I. За член на Одборот на директори на Жито Полог АД – Тетово СЕ ИЗБИРА:

1. Салаудин Арифи со место на живеење на ул.Крушевска бр.10 во Кичево , средна стручна подготовка, државјанин на Република Северна Македонија, со мандат до истекот на мандатот на останатите членови на Одборот на директори, односно со мандат до 20.11.2022 година

II. Неизвршниот член на Одборот на директори, има право на :

- месечен паушал во нето износ од 20.000,00 денари;
- право и на надомест на сите други трошоци, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција(користење на работни простории, потребни средства за работа, право на користење на возило и друго) за што одлука донесува Одборот на директори

III. Средствата што се исплатуваат на членовите на Одборот на директори , се трошоци на работењето на Друштвото.

IV. **СЕ ОВЛАСТУВА** извршниот член на Одборот на директори на Жито Полог Ад Тетово, да ја потпише целокупната потребна документација за упис на избраниот член во Одборот на директори на Жито Полог Ад Тетово, да избере регистрационен агент и да му даде полномошно за преземање на сите дејствија за составување и поднесување на пријава и прилози кон пријавата во Трговскиот регистар на РСМ, за упис на изборот на член на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово.

V. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.
VI. По еден примерок од одлуката да се достави до:

- трговскиот регистар;
- членовите на Одборот на директори;
- правен сектор;
- архива

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**

**Томислав Давков**